РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1104/5

05-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1104/1 од 17.03.2025 година, со наводи за сомневање за можна корупција во врска со изградба на хотелски комплекс во областа -------- од страна на --------- ДООЕЛ Скопје, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-1104/1 од 17.03.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, Еколошко здружение на граѓани --------, на ден 17.03.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за можна корупција во врска со изградба на хотелски комплекс во областа --------- од страна на инвеститорот ------ ДООЕЛ Скопје и оформен е предмет број 12-1765/1 од 13.06.2025 година.

Во пријавата се изнесени наводи дека хотелскиот комплекс во областа -------- се гради со противзаконско Одобрение за градба, издадено од Општина -------- на 06.04.2012 година, врз основа на проект за кој не е спроведена оценка на влијанието на животната средина, и за кои не постои Решение за согласност за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

спроведување на проектот од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ. Се наведува дека Одобрението за градење од 2012 година нема печат за правосилност поради што не може да се применат одредбите од Законот за градење кои ги дефинираат роковите за започнување, односно завршување на градбата.
Исто така се наведува дека актуелната против-законска градба со која се уништува дел од светското наследство е помогната од страна на Државниот инспекторат за животна средина, со низа постапки во делувањето и дека се гради врз основа на донесен незаконски урбанистички план од страна на Општина ----.
Од јавно достапни информаци утврдено е дека пријавата е доставена и до Основното јавно обвинителство – -------.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија дали постапуваат по пријавените наводи.
Добиени се бараните информации и од увидот во истата утврдена е следната фактичка состојба:
Во Основното јавно обвинителство ------- оформен е предмет под број РО.бр.---/2017, по поднесена анонимна пријава, која се однесува за начинот на отуѓувањето на спорното земјиште и начинот како се спровела целата постапка околу спорното земјиште во површина од ---- м2 во месноста -------, се испитувало вклученост на Општина ------, Државен правобранител за подрачје ------, банки, правно лице и сметајќи дека има дејствија за кои надлежно треба да постапува Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, по што, на ден 30.09.2018 година предметот и списите биле отстапени на надлежност во Основното јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје.
Постапувајќи по истата, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје на ден 09.10.2024 година оформил предмет под РО бр.---/18 во однос на поднесена анонимна пријава од група граѓани, со наводи за сомневање за можна корупција во врска со изградбата на хотелскиот комплекс во областа ------- од страна на инвеститорот -------- ДООЕЛ Скопје, по што е донесена Резолуција со која е утврдено дека нема место за јавно-обвинителска интервенција.

Од горенаведеното, ДКСК оцени дека по предметните наводи веќе постапиле други надлежни органи Основното јавно обвинителство ------- и Основното јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор

Доставено до:
-подносителот на пријавата